Проф. Софија Петковска

ФАКТОРИ ЗА РАЗВИТОКОТ НА ЛИЧНОСТА

-семинарска работа-



2011 година

Содржина

Содржина……………………………………………………………………………1

Вовед…………………………………………………………………………………2

1.Преценување на наследните фактори………………………………3

2.Преценување на социјалните фактори и на воспитанието….6

3.Педагошки последици………………………………………………………9

4.Решавачки фактори во развитокот на личноста………………11

5.Наследство……………………………………………………………………12

6.Средината како фактор во развојот на личноста………………12

7.Воспитанието како фактор во развојот на личноста…………14

8.Активност на индивидуата……………………………………………14

Заклучок……………………………………………………………………………15

Библиографија…………………………………………………………………16

Вовед

Луѓето многу рано почнале да се прашуваат што е она од што зависи нивниот развиток,што е она што ги прави различни, кои се факторите што го детерминираат нивниот развиток и слично.

Во оваа семинарска работа ќе пишувам за одговорите на овие прашања кои се најразлични и главно детерминирани од општествено-историскиот развој на општеството. Различните теории и сфаќања биле во функција на владејачката класа и ги оправдувале класните разлики меѓу луѓето во различните општествени односи.

Во центарот на прашањата се наоѓа и прашањето: до каде е моќта и границата на воспитанието во развитокот на личноста. Ова прашање е од фундаментално значење за педагогијата и има приориотет во однос на другите педагошки прашања.

Може да се сретнеме со пристапи кои одат до пренагласување на едните или другите фактори и појава на различни теории во функција на таквите тврдења.

Токму затоа, најпрво ќе ги разгледаме различните сфаќања и теории кои ги преценуваат наследните или срединските фактори и ќе покажеме што значи тоа за педагогијата.

Во оваа семинарска ќе пишувам за преценувањето на наследните и социјалните фактори,преценувањето на воспитанието,педагошките последици и од едните и од другите фактори и за решавачките фактори во развитокот на личноста.

1.Преценување на наследните фактори

Прашањето за преценувањето на наследните фактори,во педагошката литература е означено како *педагошки песимизам*. По својата суштина таквото сфаќање го разгледува наследството како главен фактор кој ги детерминира разликите меѓу луѓето. Како основа на нивното објаснување,тие ги наведуваат сличностите на децата со нивните родители.

Суштината на таквите сфаќања и теории е во функција на интересите на владејачките општествени слоеви,зашто ја објаснувале нивната привилегирана положба во општеството и, уште повеќе, гарантирале таква положба за младите поколенија на владејачките класи. Со тоа тие ја оправдувале ситуацијата во која децата на владејачките класи наследувале и привилегиран општествен статус.

Уште теоријата на Платон за нативистичката предодреденост на луѓето е во функција на различните функции кои треба да ги имаат луѓето во општеството.Велел дека секоја држава треба да биде праведна, а праведноста ќе се оствари кога секој ќе ја врши својата работа и нема да ги попречува другите во извршувањето на своите задачи.Тој граѓаните ги разделил во три сталежи: производители,војници и владетели. Производителите треба да работат за другите и да се грижат секој да добие храна и облека.Војниците треба да ја чуваат државата од непријателите,а филозофите да владеат со државата.

Овие сфаќања добиле класно обележје во периодот на средниот век и се претвориле во теорија на сината крв. Се сметало дека прпадниците на феудалната класа имаат сина крв и затоа треба да ги поседуваат сите привилегии како класа на власт и, уште повеќе, тие не смеат да се мешаат со другата класа, чии претставници имаат црвена крв. Објаснувањето на таквата ситуација се вршело со сфаќањето дека таквата наследна

предодреденост ја детерминираат “ вишите сили”, односно Бог, и тука не може ништо да се направи.

Во 19 век повторно ќе оживее сфаќањето дека човековата природа и карактерот се однапред дадени. Имено, развитокот на природните науки, достигнувањата на подрачјето на биологијата, појавата на Ј. Ламарк и Ч. Дарвин со теоријата на еволуцијата, ќе се стават во функција на пренагласувањето на улогата и важноста на наследството. Така, филозофот Артур Шопенхауер кога зборува за волјата на опстанок, тврди дека развојот и судбината на човекот се однапред определени со наследството. Психоаналитичарот Сигмунд Фројд човековиот психички живот и свест ги објаснува со нагонската природа. Е.Кречмаер ја поврзува, ја толкува човечката психа со телесната конституција.Тој смета дека има схизотомен тип на личност,кој според телесните карактеристики е со лептозомна телесна конституција,се карактеризира со повлеченост,сериозност,лесна раздразливост,склоност за фанатичко застапување на некоја идеја,ладен однос кон другите луѓе,индивидуализам,склоност кон иронија,лична осетливост и друго.Но, постои и циклотимен тип на личност,кој според телесните карактеристики е со пикничка или атлетска телесна конституција,се одликува со отвореност,друштвеност,тактичност, ведрина, срдечен однос кон другите, реалистичност, практичност, задоволство во телесните уживања, склоност кон шега и друго.Врз основа на тоа Ч. Ломброзо ќе ја постави теоријата на “ родениот злосторник”.

Многу од она што станува човекот се припишува на наследството и предците. Се оди и дотаму што се смета дека децата ги наследуваат гревовите на своите предци.

Темелна мисла на сите овие теории е сфаќањето дека човековиот развој е однапред одреден од неговата внатрешна природа и дека надворешните фактори и влијанија не можат ништо да изменат во тоа или дека можностите да се измени нешто се многу мали.Биолошките фактори на наследството имаат пресудна улога во обликувањето и развојот на човекот. Тоа се

темелните поставки на теоријата на нативизмот.Таа води во *биолошки и психолошки фатализам*.

Педологијата како учење за детето ја потиснува науката за воспитанието. Се јавува педоцентризмот кој го поставува детето на пиедестал на божество,а ги занемарува организираните општествени влијанија во насока на изградување на младиот човек како човечко суштество.Теоријата на нативизмот, со учењето за немоќта на воспитанието, ги оневозможува,кочи,пасивизира и обесхрабрува воспитувачите.

2.Преценување на социјалните фактори и на воспитанието

Наспроти нативистичкиот,негирачки став,во некои историски периоди се јавуваат тврдења за речиси неограничените можности на воспитанието и на средината во која се развива детето.Такви уверувања среќаваме уште во класичниот антички период.

Така, уште софистите ја истакнале големата важност на воспитанието.Платон му дава најважна улога на воспитанието во државата.Тој основал своја школа во градината на митскиот јунак Академ,па според него ја нарекол својата школа Академија.Платон се залагал за хармонски развој на душата и телото на човекот.Бил и првиот кој велел дека треба да се воспитуваат не само машките туку и женските деца.Тој кажал: ,,Државата која не ги воспитува жените е како маж што ја вежба само својата десна рака.”Се залагал и за децата од предучилишна возраст.Голема моќ на воспитанието му придава и Аристотел, кој смета дека по природа на човекот му е дадена можноста за развиток,а тоа се остварува со воспитанието.

Во периодот на хуманизмот и ренесансата, уверувањето дека постојат големи можности за воспитно дејствување е уште посилно. Педагозите-хуманисти:Виторино да Фелтре, Лудвиг Вивес, Франсоа Рабле,Мишел Монтењ, Еразмо Ротердамски,цврсто верувале во таквите можности.

Социјалутопистите уште повеќе ќе ја афирмираат идејата за значајноста и моќта на воспитанието.Воспитанието е темелна претпоставка на успешен живот и работа во идеалните републики, “Утопија” на Томас Мор и “Градот на сонцето” на Томазо Кампанела.

Во 17 и 18 век, во перодот на просветителството,ќе зајакне верувањето во големите можности на воспитанието.Филозофот Лајбниц ќе каже: ,,Дајте ни нам в раце вистинско воспитание и ние, за помалку од едно столетие ќе го измениме карактерот на Европа".Големиот педагог,Јан Амос Коменски пак, ја застапува тезата дека од секој воспитаник може да се изгради човек,а оној со кој не може да се постигне успех е само еден од илјада.Коменски поаѓа од тезата да го ослободи детето од " природната ограниченост и глупоста".Смета дека на сите кои се родени како луѓе им е потребно образование. Жесток удар на теоријата за наследна предодреденост дал и Џон Лок. Според Лок, човекот не се раѓа ниту морален,ниту неморален.Моралните норми, етичките поими настануваат како резултат на животните услови и воспитанието. Лок констатира дека детето по раѓањето е како празна и неиспишана табла(tabula rasa).Со раѓањето не се донесува на свет ништо освен можноста за обликување.Се што е во човековата свест дошло преку сетилата,со организацијата на општествената средина и со воспитанието.Младото човечко суштество може да се моделира во определен правец,тоа е како восок и ние можеме да го обликуваме како сакаме.Лок тврдел дека од сите луѓе кои ги среќаваме ,девет десетини се такви какви што се, добри или лоши,корисни или штетни,само поради своето воспитување.Така е поставена нова теорија-*теорија на емпиризмот*. Теоријата на емпиризмот е спротивна на нативистичката.Надворешната средина е темелен фактор на развиток. Ништо не е вродено, се е стекнато, ништо не е однапред дадено, се е само дадено и треба да се изгради. *Педагошкиот оптимизам* е толку широк што е тешко да му се согледаат границите. Вродените фактори, правците на развој насочени од наследството, речиси целосно се занемаруваат.Локовото учење и довербата во можностите на учењето верно ги следеле француските материјалисти од 18 век.Тие сметале дека човекот е производ на средината, посебно социјалната,вклучувајќи го и воспитанието.

Така,Холбах во социјалната средина ги вклучува: воспитанието, владата, законите, умните или глупавите установи. Воспитанието, пак, не е ништо друго, туку вештина со која кај луѓето уште од детството се создаваат навики, мислења и начини на постоење што ги утврдило општеството. Под влијание на воспитанието, ние дејствуваме корисно или штетно за нас самите или за другите. Хелвециус воспитанието го прогласил за семоќно. И во учењата на социјалутопистите од 19 век,големо значење му се дава на воспитанието,пред се во преобразувањето на човечкото општество.Според нивните верувања, подобро, поубаво и похумано општество може да се оствари со помош на воспитанието.

3.Педагошки последици

Сите оние теории кои ги преценувале наследните или срединските фактори во развојот на личноста, директно влијаеле и на педагошките решенија кои ги земале за своја основа едните или другите учења и теории.

Така на пример, кон крајот на 19 век речиси во сите земји во светот се прошири масовно движење познато како педоцентризам. Терминот педологија прв пат го вовел Ото Кризман означувајќи ја науката за детето. Појдовна точка на педоцентризмот е природата на детето. Педоцентризмот во својата суштина е психологистичко становиште кое се појави кон крајот на 19 и почеток на 20 век. Педоцентристите ја пренагласуваат детската природа, детските интереси, а ги занемаруваат законитостите и барањата на општеството. Во оваа насока некои отишле толку далеку што го прогласиле детето за "височество"(Е. Кеј), за сонце околу кое треба да се врти се (Џ. Дјуи), други сметале дека детето живее во посебен детски свет и дека општеството нема право да поставува воспитни цели, зашто тие се наоѓаат во самата индивидуа (Б. Ото, Ф. Гансберг, Х. Шерелман, Л. Гурлит и други).

Сликовит опис на педоцентристичката настава дава Ганзберг кој вели: " *Ние никогаш нема однапред да избираме тема. Нашето предавање ќе биде раководено единствено од случајот. Ќе се предадеме единствено на раководењето на детето, секогаш ќе појдеме таму каде што тоа ќе не поведе нас. Нашето предавање ќе биде толку разновидно, непредвидливо и ќе зависи од каприцот и од желбите на детето во дадениот момент."*[1]

Значајна педагошка последица е преценувањето на наследните фактори во развитокот на личноста и развивањето на селективните системи, како последица на сфаќањето дека децата

[1] Костова М., Баракоска А., Маказлиева Е., *Педагогија*, стр. 107

се раѓаат со различна наследна основа. Во оваа насока за децата била организирана различна настава поаѓајќи од ставот дека тие поседуваат големи разлики во психичкиот развиток кои имаат наследна основа. Па така, според Оукланд планот во САД, учениците се сместувале во паралелни одделенија врз основа на тестирање на менталниот развиток. Во Англија децата се делеле на групи А, Б, Ц, па дури и на Д, Е, во таканаречените стримови уште пред поаѓање на училиште, и нивното напредување во воспитниот систем било определувано со тестирања на коефициентот на интелегенција на почетокот на школувањето.Таквата селекција била погубна за децата од пониските социјални групи, зашто нивниот предучилишен развиток не е еднаков со оној на децата од повисоките социјални групи.

Педагошки последици предизвика и преценувањето на средината, а посебно на воспитанието во развитокот на личноста на човекот.Таква ситуација имаме во етатистичката педагогија. Поточно, оправдувајќи се со фактот дека воспитанието е семоќно и дека секој може да се развие до највисок степен, оваа ориентација на преголем оптимизам во однос на можностите на воспитанието заборава на потребата од почитување на индивидуалните можности, склоности и потреби на децата. Воспитанието и образованието се еднакви за сите,што, се разбира, предизвикуваше последици за оние кои се наоѓаа над и под просекот на ученик со кој се работеше.

Хуманистичката педагогија предупредува на опасноста таквиот пристап да ја загуби хуманата содржина на организираното воспитно дејствување.

4.Решавачки фактори во развитокот на личноста

Напредокот на природните науки во 19 век, развојот на експерименталната психологија и педагогија, развојот на психологијата и генетиката овозможиле подлабоко да се спознае улогата на наследството и критички да се разгледа.

В. Штерн ја поставил теоријата на конвергенција. Оваа теорија ги зема предвид и внатрешните и надворешните чинители (наследните диспозиции, улогата на општествената средина и воспитанието) во изградувањето на човековата личност. Тоа е обид за надминување на едностраните гледишта и помирување на спротивностите.

Современата педагошка мисла ја надминува едностраноста на теоријата на конвергенција и како решавачки фактори во развитокот на личноста ги разгледува: наследството,средината,воспитанието и активноста на индивидуата.

5.Наследство

Со раѓањето детето наследува определени физички особини од своите родители, но и од поблиските или подалечните предци. Така, сосема е познато дека се наследуваат: бојата на кожата, на очите, на косата, формата на некои делови на телото на човекот и слично. Современата генетика се повеќе го потврдува ставот дека се наследуваат и голем број болести (сида, хемофилија, шизофренија).

Она што е значајно за педагогијата е сознанието дека преку гените не се наследуваат готови особини и способности на човекот, туку се наследуваат т.н. диспозиции. Тоа значи дека она што се наследува како предиспозиција нема пресудно значење за развитокот на една личност,зашто тоа може, но не мора да се развие во особини и способности на личноста. Поточно, некоја единка може да се роди со предиспозиции да стане гениј во некоја област (на пример, во музиката, ликовната уметност, поезијата и слично), меѓутоа, ако таа се роди во средина каде што не се негуваат таквите способности, тие нема да се развијат кај дадената индивидуа.

6.Средината како фактор во развојот на личноста

Човекот истовремено е биолошко и општествено суштество, и во оваа смисла неговиот целосен развиток е детерминиран и од општетсвената и од физичката средина.Поточно, развојот на човекот е биолошко-социјален. Оттука педагогијата покажува интерес за сите аспекти на развојот на човекот.

Кога се зборува за средината како фактор во развитокот на човекот, се мисли на општествената, на социјалната средина, но

притоа не се занемарува сосема значењето и на природната средина.Човекот се развива во човек само во човечка општествена средина.

Бројни примери на деца кои растеле во нечовечка средина покажуваат дека тие не се развиле во луѓе, напротив, девојчињата Амала и Камала,најдени во волчја дупка 1920 година во Индија, се однесувале како волци (виеле, оделе голи, оделе на четири нозе, јаделе живо месо). Сите воспитни настојувања од страна на луѓето кога биле пронајдени и се правеле обиди да го прифатат однесувањето на луѓето, дале мали резултати и тие бргу умреле. Сосема е сличен и примерот на дивото дете, најдено во шумите на Франција, 1799 година, кому му го дале името Виктор. Тој тешко ги прифаќал однесувањата на луѓето и за да биде трагедијата поголема,тоа умрело од запаление на белите дробови кога со голема мака луѓето го научиле да носи облека. И во првиот и во вториот случај “дивите деца” не станале луѓе, а процесот на учење кај нив одел многу бавно и со голема мака научиле само мал број на зборови од говорот на човекот.

Овие и други примери го потврдуваат фактот дека човекот може да се развие како човек само во човечко општество. Ако од некоја причина некоја единка се најде надвор од човечката средина, таа нема да поприми никакви човечки особини.

7.Воспитанието како фактор во развојот на личноста

Во контекст на социјалните фактори, едно од најзначајните места во развојот на личноста на човекот има воспитанието. Значајноста на воспитанието е во тоа што само преку воспитание може да се развива интелегенцијата на човекот, да се развијат психомоторните способности, да се формира морално воспитан човек кој ги почитува нормите на однесување во општетсвената група во која живее и слично.

8.Активност на индивидуата

Една индивидуа може да поседува диспозиции за развиток на некои особини и способности.Исто така, може да се роди и да живее во поволна средина, меѓутоа бараните особини и способности на личноста да не се развијат.Таквата ситуација се објаснува со потребата секоја индивидуа свесно и активно да се вклучи во сопствениот развиток со вежбање на способноста која треба да се развие. Само таквата позиција ќе и овозможи на секоја индивидуа до максимум да ги развие своите дадени потенцијали во однос на определена особина или способност или во однос на развитокот на личноста во целина.

Заклучок

Секоја индивидуа се раѓа со одредени наследни карактеристики кои се создадени во текот на развитокот на човечкиот вид, но и со определни специфични карактеристики наследени од своите посредни и непосредни предци.Но развитокот на човекот зависи и од други два фактори: средината и активноста(самоактивноста).

Постојат различни сфаќања за улогата на овие фактори.Според нативистичкото сфаќање, наследството е одлучувачки фактор за развојот на индивидуата и неговата личност.Спротивно на ова е емпиристичкото сфаќање според кое развојот на личноста е последица од делувањето на средината.

Од се погоре напишаното,мора да се согласиме дека и наследството и средината се неопходни за развитокот на индивидуата,но во различни услови и за различни особини овие фактори имаат различна улога.

Ова упатува на заклучок дека развитокот на животот на човекот секогаш зависи од сите три фактори: наследството, средината и активноста ,комбинирани заедно.

Библиографија

-Костова М., Баракоска А., Маказлиева Е., *Педагогија*,Просветно дело АД,Скопје,2005

-Арнаудова В.,*Психологија*,Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј" Филозофски факултет,Скопје,2009

-Јосифовски Ј.,*Филозофија*,Просветно дело АД,Скопје,1985